Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) а во врска со јавен оглас за вработување на административен службеник во СОУ „Перо Наков“ Куманово, директорот на СОУ „Перо Наков„ Куманово ја донесе следната

Р. Северна Македонија - R. Maqedonise se Veriut
Средно Општинско Училиште
Shkolla e mesme komunale "Pero Nakov
"ПЕРО НАКОВ" - "PERO NAKOV"
Бр.-Nr. 02-13/83
10.08 2026 год.-viti
Куманово - Kumanove

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СОУ „ПЕРО НАКОВ“ КУМАНОВО

1.На јавен оглас со број 428/2026 за вработување на административен службеник- 1 извршител за работно место ОБН 0102В01001-Советник за нормативно правни работи-секретар, Одделение за нормативно правни работи, Административна служба, СЕ ИЗБИРА кандидатот **Анита Петрушевска** со идентификациски код CA9D3DF со вкупен број на освоени бодови во сите фази 79.35.

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место под број 1 по конечноста на оваа Одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 26.06.2026 година во дневните весници „ Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“ како и на веб страната на Агенција за администрација беше објавен јавен оглас за административен службеник во СОУ „Перо Наков“ Куманово за работно место Советник за општи и нормативно правни работи-секретар, Одделение за нормативно правни работи, Административна служба, 1-извршител.

Со решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1446/5 од 01.07.2026 година и Решение за измена и дополнување на Решението за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1446/7 од 30.07.2026 година е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.428/2026 на ден 13.07.2026 година изврши административна селекција за административен службеник за што е изготвен Записник бр.10-1446/6 од 13.07.2026 година.

На ден 31.07.2026 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број.10-1446/9 од 31.07.2026 година.

На ден 05.08.2026 година комисијата спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју за административен службеник, и за истото состави записник со број 10-1446/10 од 05.08.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Директорот на училиштето е доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат бр.10-1446/12 од 06.08.2026 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) , Директорот на СОУ „Перо Наков„ од Куманово одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволен кандидат има право да поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

-кандидатот
-Агенција за администрација
-архива

Директор
Мила Жибак Димковска